**ЗАПИСНИК**
**од 8–та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 16.03.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски информира дека сите членови на Советот се присутни, додека директорот на Агенцијата г-дин Трајчевски во моментот има технички проблем со интернет конекцијата и прави напори да се приклучи на седницата. Во врска со предложениот Дневен ред објасни дека од Точка 3 до Точка 14 се предлози за изрекување мерка јавна опомена на радиодифузери. Посочи дека ги поделил во неколку групи во зависност од прекршувањето на одредбите од Законот, односно од Точка 3 до Точка 5 за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ, потоа втората група за Точките 6, 7, 8 и 9 поради прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, трета група за Точки 10 и 11 за радиодифузери кои го прекршиле член 92 став 1 од ЗААВМУ и четврта група за Точките 12, 13 и 14 за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Наведе дека до членовите на Советот дополнително се доставени два материјали за под Точка Разно од кои првата е „Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2021 година“ за која предложи да стане Точка 15 и втората „Информација за доставен Нацрт-ревизорски извештај за 2020 година“ да биде Точка 16 и потоа редоследно Точка Разно да се помести и да биде Точка 17. Информира дека во меѓувреме директорот г-дин Трајчевски се приклучи на седницата.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот дополнет:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.03.2021 година.

2. Нацрт-годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година.
3. Предлог за изрекување мерка на Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2) за прекршување на член член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
4. Предлог за изрекување мерка на Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5) за прекршување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
5. Предлог за изрекување мерка на Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип за прекршување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
6. Предлог за изрекување мерка на Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2) за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
7. Предлог за изрекување мерка на Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Трет програмски сервис (МРТ3) за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
8. Предлог за изрекување мерка на Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Четврти програмски сервис (МРТ4) за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
9. Предлог за изрекување мерка на Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5) за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
10. Предлог за изрекување мерка на Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Четврти програмски сервис (МРТ4) за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.
11. Предлог за изрекување мерка на Трговско радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.
12. Предлог за изрекување мерка на Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Трет програмски сервис (МРТ3) за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
13. Предлог за изрекување мерка на Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Четврти програмски сервис (МРТ4) за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
14. Предлог за изрекување мерка на Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово за прекршување на за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
15. Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2021 година.
16. Информација за доставен Нацрт-ревизорски извештај за 2020 година.

17. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.03.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Нацрт-годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година. Објасни дека документот кој е предложен е во нацрт верзија и за десетина дена се планира седница на која ќе се усвои финалната верзија и потоа ќе се достави во Собрание. Во него се содржани сите активности на Агенцијата од минатата година, а речиси за најголемиот дел од нив членовите се претходно запознаени преку разгледувањето на кварталните извештаи или преку активностите во кој Советот бил директно вклучен. Најзначајната активност на Агенцијата во 2020 година беше мониторингот на медиумското претставување на двата изборни процеси – Предвремените парламентарни избори што се одржаа во јули 2020 година и Предвремените избори за градоначалници на општините Штип и Пласница, што се одржаа во декември. И покрај тоа што мониторингот поради пандемијата со Ковид 19 се одвиваше во отежнати услови, односно службата работеше комбинирано – и од дома и со присуство на работа, посочи дека Агенцијата успешно и во целост го спроведе мониторингот на двата изборни процеси. Во врска со вториот дел од Извештајот рече дека се опфатени сите надзори што беа спроведени врз радиодифузерите, а кои се однесуваат на нивните програмски, административни и други обврски што произлегуваат од ЗААВМУ и од Законот за медиуми. Како многу важна работа потенцира дека во оваа пандемиска година Агенцијата успеа да ги реализира сите надзори над радиодифузерите што ги планираше во Годишниот план за програмски надзор и во Годишниот план за административен надзор. Во засебни делови се претставени надзорите што се спроведоа над операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги на барање и издавачите на медиуми. Врз основа на сите овие надзори, во извештајната година беа изречени вкупно 51 мерка јавна опомена, беа покренати пет прекршочни постапки, беа одземени шест дозволи и беа донесени осум решенија за бришење од регистарот на радиодифузери. Во 2020 година се реализира една исклучително значајна активност во врска со заштитата на плурализмот на сопственоста на медиумите. Имено, во мај, во рамки на проектот ЈУФРЕКС 2, проект на Европската унија и Советот на Европа, а по нарачка на Агенцијата, беше изработена студијата – Плурализмот на медиумската сопственост во новото медиумско опкружување. Студијата ја изработија странски и домашен експерт, и клучните наоди од неа се дека постојните одредби се застарени, дека тие веќе не одговараат на новото опкружување и дека е нужно да се направат измени на овие одредби. Штом беше изработена, Студијата се достави до надлежното министерство МИОА, за да ги имаат предвид заклучоците и препораките од неа при креирањето на новата медиумска регулатива, односно законска рамка. Исто така, многу значајна активност на Агенцијата беше организацијата на второто издание на Деновите на медиумска писменост во

периодот од 26 октомври до 2 ноември 2020 година, кога се одржаа вкупно 16 онлајн настани - работилници, дебати, вебинари, фокусирани на различни аспекти од медиумската писменост. Следејќи го примерот на Глобалната недела на медиумска и информациска писменост на УНЕСКО, а поради Ковид пандемијата, настаните беа целосно спроведени и организирани на интернет. Во следната глава од Извештајот се опфатени активностите на Агенцијата насочени кон поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите – надзорите за почитување на начелата од член 61 и посебните забрани од членот 48 од ЗАВМУ, активностите за подобрување на почитувањето на професионалните новинарски стандарди, како и родот и радиодифузијата. Во 2020 година се случија неколку измени на регулативата што го уредува реемитувањето на програмските сервиси од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, од кои произлегоа бројни активности за Агенцијата. Најпрво, во февруари Собранието усвои измени на ЗАВМУ, потоа за време на вонредната состојба Владата донесе неколку Уредби со законска сила, а и Уставниот суд одлучуваше и за уредбите и за самите одредби од Законот. Во март оваа година, во Службен весник беше објавена одлуката на Уставниот суд со која тој ги укинува спорните одредби од ЗАВМУ и ги става вон сила. Со ова, се потврдија речиси двегодишните заложби на Агенцијата дека овие законски решенија се погрешни, дека тие ќе создадат низа проблеми и дека треба да се изменат. Останатите делови на Извештајот се однесуваат на активностите на Агенцијата на полето на меѓународната соработка, процесот на европска интеграција, транспарентноста во работењето на Агенцијата и комуникација со јавноста и друго. Објасни дека во прилог на Извештајот се прикажани и Извештајот за реализација на Годишниот план за програмски надзор за 2020 година и Извештајот за реализација на Финансискиот план за 2020 година. Потоа наведе дека во 2020 година Агенцијата донираше и средства на радиодифузерите, односно на јавниот сервис, на Министерството за внатрешни работи и на Министерството за здравство заради справување со пандемијата. Значајно е рече дека на сите радиодифузери им беа вратени средствата што ги имаа уплатено на сметката на Агенцијата за последните 2 години, без сумата што се однесува на ДДВ, а на оние радиодифузери кои во моментот на носење на одлуката од страна на Советот го немаа платено надоместокот до крајот на годината, им беа доставени фактури за наплата само за ДДВ. Исто така Агенцијата планираше минатата година за 2021 година да им даде одредена донација на радиодифузерите и да им помогне во оваа тешка економска и здравствена состојба. Но поради тоа што Владата преку Собранието и Буџетот кој се усвои во Собранието во декември 2020 година, драматично ги намали приходите на АВМУ, Агенцијата се откажа од овој проект, но активно учествуваше во текот на 2021 година да се овозможи тие средства што и беа скратени на Агенцијата, дел од нив да бидат вратени на Агенцијата а потоа трансферирани на сметките на радиодифузерите за да бидат ослободено од годишниот надоместок за радио и телевизиско емитување за 2021 година. Иако оваа активност финално заврши во 2021 година, голем дел од подготвителните активности беа започнати и се спроведуваа во месец ноември и декември 2020 година.

Г-дин Петрушевски рече дека во неговата дискусија ќе даде неколку забелешки и неколку негови размислувања. За предложениот Нацрт документ рече дека е доста обемен со вкупно 152 страни прилози. Првата забелешка се однесуваше на Воведот кој во Извештајот изнесува 2 страни. Смета дека службата треба да се потруди и да го прошири во најмалку 3 страни, затоа што Воведот е тој што сите пратеници го читаат

во Собранието и не е сигурен дека повеќето од нив навлегуваат во читање на детали. Исто така кога директорот г-дин Трајчевски присуствува на седници на Комисии или кога тој го заменува, Воведот е тој на кој што било кој претставник од Агенцијата се потпира кога го објаснува работењето на Агенцијата. Предложи, не да се зголеми воведот само квантитативно туку и во квалитативна смисла. Да не биде само земање на одредени параграфи од поглавјата во Извештајот и вметнување во Воведот, туку да биде објаснето во една логична целина. Исто така посочи дека во Воведот е испуштена и воопшто не е спомената последната работа што ја навел директорот, а тоа е донацијата за радиодифузерите. Втората забелешка беше на страна 7 од Извештајот каде е наведен периодот кога траеше вонредната состојба, кога беа донесени многу Уредби со законска сила од страна на Владата. За Уредбите рече дека може да се каже дека не беа исправни од 2 аспекта поврзани со Агенцијата. Тоа се Уредбите поврзани со член 143 од ЗААВМУ и донесените Уредби за времето на рекламирање. Директно пред самите избори Владата се вмеша во одредување на минутите за рекламирање и тоа донесе дополнителна конфузија и правна несигурност во работата на медиумите. И тоа според негово мислење е злоупотреба на вонредната состојба и тоа не требаше да го направат, немаше потреба и немаше да влијае на резултатите. Испадна дека гласовите на парламентарните избори се поважни за политичките партии отколку принципите на правната држава и напорите нашата држава да стане членка на ЕУ. Во врска со студијата „Плурализмот на медиумската сопственост во новото медиумско опкружување", се надева дека МИОА со новиот министер ќе ја имаат предвид кога ќе го усогласува ЗААВМУ со најновата европска регулатива. Ова е најавено во најновиот план на Владата дека ќе има корекции на основниот закон на Агенцијата, а тоа е ЗААВМУ. Во таа насока се надева дека согледувањата на Агенцијата и Советот, МИОА ќе ги има предвид за да ги вгради. Во Извештајот се наведени активностите на Агенцијата за поттикнување на медиумската писменост, поттикнување на слободата на изразување и подобрување на професионалните стандарди. За сите овие три теми има многубројни активности на Агенцијата и ја пофали Стручната служба и целата Агенција бидејќи навистина добро работат на овие области. Се наврати на измените поврзани со член 143 од ЗААВМУ, за регулирање на реемитувањето на програмските сервиси од страна на операторите. Посочи дека Агенцијата веднаш уште пред 2-3 години укажа дека се проблематични и неприменливи, и подоцна практично се покажа дека се неприменливи и создадоа проблеми помеѓу кабелските оператори и телевизиите и доведоа до состојба кабелските оператори да се закануваа дека ќе ги исклучат сите домашни медиуми. Тоа беше еден конфликт, и на крај Уставниот суд беше прв кој се приклучи на мислењето на Агенцијата и ги укина ставовите 3 и 4 од членот 143 од ЗААВМУ. Со ова се потврди дека цело време Агенцијата, директорот, Стручната служба и Советот биле во право. Во иднина, рече, било која Влада да дојде би требало да ги почитува стручните мислења на Агенцијата и на останатите професионалци од медиумската област, а не да размислува околу потребите на водечките луѓе на политичките партии. Во поглед на донацијата, кажал и претходно и сега потенцира дека се работи за донација од 105 милиони денари за 2019 и 2020 година, за 2 години Агенцијата ги покри потребите на радиодифузерите во поглед на обврските на дозволите и дополнително со 30 милиони денар помогна на јавниот сервис Македонска радио телевизија. Ако се види дека Буџетот на Агенцијата или трошоците што Агенцијата ги прави, кои се помали од овој износ за донација, произлегува дека ова е огромен издаток за Агенцијата, но во јавноста помина без многу внимание и пофалби за регулаторот. Овие средства се огромни за ваков мал субјект, за институција со

50-тина вработени и мал буџет. И тоа соодветно споредено би одговарало како сега некој на граѓаните и на фирмите да им донира 3,7 милијарди евра, бидејќи споредбено нашите 1,7 милиони евра одговараат на 3,7 милијарди евра пари, ако се спореди со државниот буџет. Предложи донацијата, и не мора ова што тој ги изнел во дискусијата, туку сите податоци да се внесат во сумарниот Извештај кои недостасуваат, а директорот ги кажал и ги знае бидејќи тој веќе директно учествуваше во ова и Советот се разбира. Затоа треба да стои точка со која ќе се збогати сумарниот извештај. Најважно е дека парите кои Агенцијата ги донираше не беа заем, односно нови долгови туку тоа беа заштедени средства на Агенцијата што значи сите, Совет, директор и Стручна служба се однесувале домаќински во претходните 6 и половина години колку што се тука. Наведе дека тоа се неговите забелешки, не мора да се прифатат, може да се размислува, но најважно му е воведот квалитативно да се подобри и квантитативно да се зголеми и да се додаде донацијата.

Г-дин Ајдини рече дека го разгледал материјалот за Нацрт-извештајот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година. Наведе дека во него се опфатени сите активности кои што Агенцијата ги реализираше во текот на 2020 година и се реализирани дополнителни активности кои не беа предвидени во извештајната година. Тоа значи дека како и секогаш Агенцијата си ја врши работата професионално, доследно, а особено во година на пандемија. Во овој домен ги пофали на чело со директорот и Стручната служба. Бидејќи материјалот е доставен како Нацрт-верзија, не би сакал да навлегува во детали, и поголемиот дел истакнал претседателот на Советот г-дин Петрушевски, но сака да даде едно размислување во врска со активностите кои недостасуваат во Нацрт-извештајот. Објасни дека по иницијатива на заменик на претседателот на Советот проф. Милаим Фетаи кој бараше да се достави информација за имплементација за Законот за употреба на јазиците и потоа како материјал беше доставен на 5-та седница во која г-дин Трајчевски рекол дека материјалот е доста битен и темата е сериозна и предложи за информацијата да се дискутира на наредната седница или поточно на продолжение на 5-та седница. Во дискусиите имале свои забелешки и исто така и позитивни зборови за активностите кои ги преземала Агенцијата во поглед на имплементација на јазикот и години station наназад пред да се донесе Законот за употреба на јазиците. Позитивните зборови беа дека директорот и стручната служба пристапиле доста сериозно во оваа насока и дека и понатаму треба да се продолжи сериозно да се пристапи кон оваа тема бидејќи според него е сензитивна. Од таа причина предложи сега или во писмена форма да го достави предлогот да во финалниот Извештајот се стави како информација, заклучок или активност, чекорите кои се преземени од страна на Агенцијата согласно членот 23 ставовите 1, 2, 6, 7, 8, 9, 17, 19 и 23 од Законот за примена на јазиците. Да се наведе точно соработката и иницијативата за појаснување на одредени дилеми во овој контекст заедно со Агенцијата за примена на јазикот, и ако треба и уште нешто да се додаде. Или пак таа информација која беше доставена како материјал до Советот да се редуцира, да се направи некој заклучок и да се забележи дека Агенцијата сработила во овој правец нешто. На крајот рече доколку има потреба овој негов предлог ќе го достави и во писмена форма, доколку се смета дека нема потреба, самата Стручна служба да ја редуцира информацијата.

Г-дин Трајчевски објасни дека самата информација и дискусиите кои беа за неа беа во 2021 година. Овој Извештај е за работата на Агенцијата за 2020 година. Може да се наведат некои мерки кои биле преземени, меѓутоа самата иницијатива за

изработката на информацијата и информацијата се активност за 2021 година и таа ќе биде дел од Извештајот за 2021 година. Може во некој пасус да бидат опфатени мерките кои се преземени во насока на спроведување на Законот за употреба на јазиците, меѓутоа активностите што ги имала АВМУ во соработка со Агенцијата за употреба на јазиците беа во февруари и март 2021 година.

Г-дин Петрушевски рече дека внимателно го прочитал материјалот и наведе дека за она што дискутирал г-дин Ајдини го има спомнато во содржината, не во воведот туку внатре во материјалот, поточно за средбите помеѓу Стручната служба на АВМУ и Агенцијата за примена на јазиците. Не во таа длабочина и ниво како што беше во Информацијата изработена во 2021 година. Но се согласи да се стави она што го кажал тој и она што го кажал г-дин Ајдини во воведот и да му се даде едно значење и потоа да се види дали има простор подетално да се опише оти веќе има опишано неколку параграфи.

Г-дин Трајчевски информира дека таа соработка помеѓу двете институции е наведена на страна 64 од Нацрт-документот.

Г-дин Ајдини видел дека нешто е спомнато меѓутоа не со значење кое треба да и се придаде на оваа тема. Смета дека заслужува подлабински да и се пријде и да се направи некој заклучок. Знае кои активности се преземени во 2021 година, но рече дека бараната информација е доставена доцна требаше многу порано да се направи. Но без да се навлегува во некои недоразбирања мисли дека како заклучок треба да и се придаде повеќе внимание.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе се надоврзе на последната дискусија од г-дин Ајдини и ако добро го разбрал неговата поента била содржински да има повеќе детали во овој Извештај во однос на тоа дека Агенцијата и Советот преземале чекори кои значат одење на пат за имплементација на Законот за употреба на јазиците и дека тоа треба малку подетално да се објасни и дополнително да биде ставено и во воведот како еден пасус што адекватно ќе одговара и наведе дека лично се согласува со таквиот предлог. Што се однесува до Нацрт-извештајот рече дека тој дава еден целосен пресек што сè од зацртаното сработила Агенцијата како регулатор. Според него добро е детализиран, систематизиран и адекватно го одразува она што е сработено посебно во вонредни околности предизвикани од Ковид пандемијата. Објасни дека тоа е првиот момент што треба да се забележи, дека целата измината 2020 година практично ако се исклучат 45-6 дена од почетокот на годината, се работеше во вонредни околности предизвикани од пандемијата. И во таква состојба Агенцијата го сработи тоа што го имаше зацртано или условно речено она што беше побарано од неа како институција согласно Законот и верува дека регулаторот добро се снајде во целата ситуација. Смета дека и медиумите треба да се согласат дека АВМУ беше адекватно поставена во однос на нив за сите моменти кои се случуваа минатата година. Го апострофира моментот за кој рече дека веќе беше спомнат во дискусијата а тоа е донацијата како помош, и Агенцијата промтно реагираше да им излезе во пресрет на медиумите, на радиодифузерите со тоа што минатата година им се одобри донацијата која што практично значеше ослободување од плаќање на надоместокот за дозволата за работа. Оваа година се продолжи со помошта тоа добро го објаснил г-дин Трајчевски, Владата ги префрли средствата на Агенцијата, а потоа Агенцијата бидејќи е законски надлежна, ги ослободи целосно од плаќањето на надоместокот за дозволата за работа и за оваа 2021 година. Во крајна линија не е важно кој ги обезбедил средствата и како, важно е

дека во вакви околности треба да се реагира и да се даде помош на кого му е потребна а меѓу нив беа и радиодифузерите. Според него ова е најзначаен момент како функционираше регулаторот во едни вонредни околности за работа. Втор момент кој треба да се одбележи, и е подетално апострофиран во Извештајот, е моментот што се создаде од правни регулативи, измени, законски уредби, а кои беа поврзани со член 143 односно условно речено оној голем спор што настана меѓу националните телевизии и кабелските оператори кои реемитуваат странски канали. Во текот на целата мината година практично провејуваше и се создаде еден метеж од донесени повеќе правни акти за кои во еден момент не се знаеше како тие ќе се имплементираат, бидејќи реално беа неодржливи и на крајот ќе се согласат сите дека преовлада разумот и дека се дојде до исправно решение. Решението какво што беше поставено непосредно пред почетокот на изборната кампања на изборите кои беа малку пролонгирани заради вонредната ситуација не беше одржливо да се спроведе и се дојде до најадекватното решение кое е европски стандард и кое најчесто е во примена во европските земји. Освен тоа значајни активности беа и изборниот мониторинг, тој се спроведе три пати, два целосни мониторинзи, предвремените парламентарни и дополнителните локални избори за општините Штип и Пласница, како и еден почнат и прекинат недовршен мониторинг за изборен процес поради вонредната состојба. Во таа насока нема дилеми дека Агенцијата и Советот ја завршија работата како што треба, дека беа опфатени сите аспекти односно целосно спроведена методологија за набљудување. Детално се објаснети и образложени програмските надзори што беа направени која е есенцијална работа на регулаторот. Ги истакна и чекорите што АВМУ ги презема на полето на медиумската писменост. Веќе втора година по ред се организираат деновите на медиумска писменост во која АВМУ е предводник на мрежата на медиумска писменост, на сите чекори што се преземаат на овој план и се неопходни за нашето општество. Се надева дека оваа година ќе резултираат со воведување на медиумската писменост во образовниот систем во државата. Кога станува збор за медиумскиот плурализам, рече дека за одбележување е Студија што беше изработена околу условно речено медиумската концентрација која прецизираше она што на сите им е познато дека одредбите за медиумска концентрација што се стари 15 години во овој момент се неадекватни. Потребно е да се променат заедно со уште неколку други аспекти кои што треба да се променат во законската материја а кои што се зацртани како што кажал и г-дин Петрушевски и од самите предлагачи односно МИОА. Тоа ќе значи отворање на една посериозна расправа и дебата за потребата од законски измени на ЗААВМУ кои меѓу другото ќе значат инкорпорирање и на ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги која на големо се спроведува или веќе е спроведена во земјите членки на ЕУ. Нашата земја како аспирант за членка на ЕУ мора да го следи тој тренд и да ја имплементира директивата. Агенцијата имаше активности и на планот за пристап на програми за лицата со сетилна попреченост. Смета дека тоа добро го прави и дека тие активности во оваа година исто така ќе бидат зголемени и продолжени. Ја одбележа и воспоставената пракса која што се однесува на претставки за член 61 од ЗААВМУ, со пракса за соработка со саморегулаторното тело и ги препраќа тие претставки до нив да одлучуваат, а се поврзани со член 61 од ЗААВМУ. Рече дека генерално ќе даде поддршка на Нацрт-извештајот кој ја одразува сликата како Агенцијата работела минатата година и верува дека во конечната верзија со сите овие предлози што беа дадени од колегите кои ги поддржува и мисли дека ќе има простор тие да се инкорпорираат и како една целина да биде доставен до македонското Собрание.

Г-дин Петрушевски рече дека дискусиите на членовите на Советот секако ќе бидат детално запишани во Записникот. Веројатно ќе имаат пристап раководителите на секторите за предлозите и има време додека се дојде до предлог-извештај. Секогаш имале со директорот и стручната служба меѓусебно разбирање и почитување на нивниот интегритет и верува дека сѐ што е од нивна страна побарано и изводливо службата ќе направи максимум.

Советот на Агенцијата едногласно го одобри Нацрт-годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година, со текст како што беше предложен.

Г-дин Петрушевски по гласањето посочи доколку некој има дополнителни забелешки и предлози може да ги достави во писмена форма до директорот и Стручната служба.

**Точки 3, 4 и 5**

Г-дин Петрушевски во врска со точките од 3 до 14 предложи да се разгледуваат во групи како што предложил на почетокот. Наведе дека сега предлага да има една дискусија за Точките 3,4 и 5 а потоа непосредно по дискусијата ќе се гласаат секоја посебно.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена за прекршување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5) и на Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип. Објасни дека станува збор за прекршување на правилата за заштита на малолетници. Кај МРТ2 прекршувањето е констатирано со редовниот надзор во февруари. Освен член 50 став 3 од ЗААВМУ прекршен е член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Спротивно на овој член во кој се пропишува дека промотивните најави за програмите треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, промотивните најави за две играни програми во повеќе наврати во текот на денот беа емитувани без да бидат означени со знак што ја сигнализира категоријата програма. Кај МРТ5 освен член 50 став 3 од ЗААВМУ е прекршен и членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица каде е пропишано задолжително апплицирање предупредувачка сигнализација во сите видови играна програма и во оние програми со информативна образовна и забавна функција кои било како целина или преку нивни делови можат штетно да влијаат врз малолетните лица. Ниту една од аудиовизуелните целини емитувани во денот кога беше направен надзорот воопшто не беше означена со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетната публика ниту пред почетокот ниту за време на нивното емитување. Кај ТВ Ирис прекршувањето е констатирано со контролен надзор по изречена мерка на крајот од септември 2020 година за прекршување на членовите 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Со контролниот надзор беше констатирано дека радиодифузерот делумно постапил по мерката односно дека продолжил со прекршување на член 19 од Правилникот. Имено во повеќе наврати во анализираниот ден пред почетокот на повеќе

играни програми не ја аплицираше предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица. Во законскиот рок за изјаснувања, пристигнаа од МРТ2 и од МРТ5 во текот на вчерашниот ден и истите се доставени до членовите на Советот од страна на одделението за поддршка на работата на Советот. Во доставеното изјаснување МРТ2 потенцира дека прекршувањето се случило поради технички пропуст и веќе е отстранет. МРТ5 во изјаснувањето потенцира дека прекршувањето се случило поради Корона кризата и бил пролонгиран процесот на аплицирање на дополнителни графички информации во програмите и дека проблемот е веќе отстранет. Од ТВ Ирис нема изјаснување, со медиумот и понатаму има отежната комуникација и дописите патуваат по 2 и повеќе недели и од овие причини овој надзор се реализира оваа година затоа што минатата година повеќе месеци патуваше изречената мерка и барањето за изјаснување на радиодифузерот. За сите три сервиси се предлага Советот да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена од денот на приемот на решението за мерка и потоа да се изврши контролен надзор со цел да се утврди дали радиодифузерите ќе постапат по опомените.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-791/1 од 02.03.2021 година и едногласно заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 02 февруари 2021 година, промотивните најави за играните програми „Shkallët" и „O Sa Mirë" се емитувани без да бидат означени со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-794/1 од 02.03.2021 година и едногласно заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Петти програмски сервис (МРТ5) да му изрече марка јавна опомена за прекршување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што ниту една од аудиовизуелните целини емитувани на 2 февруари 2021 година, воопшто не беше означена со предупредувачка сигнализација

за заштита на малолетната публика ниту пред почетокот, ниту за време на нивното емитување.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор, бр.10-554/1 од 12.02.2021 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип да му изрече марка јавна опомена за прекршување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што и покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 28.9.2020 година, пред почетокот на повеќе играни програми емитувани на 26 јануари 2021 година, не аплицираше предупредувачка сигнализација за категориите програма, односно за заштита на малолетните лица.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 6, 7, 8 и 9**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена за прекршување на член 51

став 1 од ЗААВМУ на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Трет програмски сервис (МРТ3), Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Четврти програмски сервис (МРТ4) и на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5). Објасни дека член 51 став 1 се однесува на информациите што треба да им се обезбедат на корисниците на телоп бидејќи станува збор за телевизиски сервиси најмалку еднаш во текот на денот. Станува збор за податоците кои се однесуваат на полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; - адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; - податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; - одговорното лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело. Кај сите овие сервиси на МРТ не беше емитувана ваква информација на телоп во денот кога беше направен надзорот. Сите сервиси на МРТ доставија изјаснување за констатираното прекршување и во нив потенцираат дека прекршувањата се случиле поради технички пропусти и се резултат на отежнатите услови за време на пандемијата и дека проблемите се веќе отстранети. Оттаму за сите 4 сервиси на МРТ се предлага Советот да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена од денот на приемот на решението за мерка и потоа да се изврши контролен надзор со цел да се утврди дали програмските сервис ќе постапат по опомените.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-797/1 од 02.03.2021 година и едногласно заклучи на Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 2 февруари 2021 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-799/1 од 02.03.2021 година и едногласно заклучи на

Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Трет програмски сервис (МРТ3) да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 2 февруари 2021 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-801/1 од 02.03.2021 година и едногласно заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Четврти програмски сервис (МРТ4) да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 2 февруари 2021 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-802/1 од 02.03.2021 година и едногласно заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Петти програмски сервис (МРТ5) да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 2 февруари 2021

година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 10 и 11**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Четврти програмски сервис (МРТ4) и на Трговско радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје. Објасни дека член 92 се однесува на задолжителниот процент македонски аудиовизуелни дела што радиодифузерите треба да го емитуваат на дневно ниво. Ова се редовни надзори реализирани во февруари и кај двата медиуми е констатирано истото прекршување односно дека кај МРТ4 не емитувале најмалку 40% а ТВ 21-М најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Во анализираниот ден МРТ4 емитуваше 6 часа 28 минути и 33 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела што е 27,35% наместо 40% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка на изворно создадена програма додека кај ТВ 21-М емитуваше 5 часа 33 минути и 15 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела што е 25,69% наместо 30% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка на изворно создадена програма. Изјаснување за констатираните прекршувања достави само програмскиот сервис МРТ4 и во него потенцираат дека се соочуваат со повеќе проблеми пред се кадровска не екипираност на редакциите на етничките заедници, финансиски проблеми и недостиг на соговорници за производство поголем обем домашна програма на јазиците на овие заедници, неуспешен конкурс за одговорен уредник. Овој програмски сервис се уште се емитува без одговорен уредник за сервисот како целина и констатираат дека ќе се обидат проблемот да го надминат со емитување поголем обем документарна програма на македонски јазик затоа што според програмскиот концепт во дописот со кој известуваат и е доставен до Советот, овој сервис во еден дел ги емитува програмите на помалите етнички заедници а во другиот дел емитува документарна програма на македонски јазик. За двата сервиси се предлага Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена од

денот на приемот на решението за мерка и потоа да се изврши контролен надзор со цел да се утврди дали програмските сервис ќе постапат по опомените по истекот на рокот.

Г-дин Петрушевски рече дека му е жал што нема доволно пари воопшто за јавниот сервис, да имаше повеќе пари мисли дека ќе го решеа овој проблем со кадровската екипираност и со главниот уредник, но за жал немаат избор. Напомена дека оваа мерка не е тешка и е без финансиски апликации. Верува дека ќе се снајдат и како што кажала раководителката Јаневска ќе го надминат овој проблем.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-788/1 од 02.03.2021 година и едногласно заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Четврти програмски сервис (МРТ4) да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 5 февруари 2021 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-732/1 од 26.02.2021 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 12 февруари 2021 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на

надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата

**Точки 12, 13 и 14**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Трет програмски сервис (МРТ3), Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Четврти програмски сервис (МРТ4) и на Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово. Објасни дека кај сите три програмски сервиси станува збор за прекршување на истиот член односно на обврската за објава на импресум, објавување на податоци со кој се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. Кај МРТ3 прекршувањето е констатирано при емитуваните репризи на спортски натпревари, преноси од национални, светски натпреварувања. Кај МРТ4 податоци за импресум воопшто не беа објавени во информативните програми вести на турски јазик а овие податоци пак не беа целосно објавени и во програмите на српски јазик, на влашки, босански и во програмите на ромски јазик. Исто така констатирано е дека импресумот недостига и во емитувани туѓи програми од турско производство. Кај ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА импресумот недостигаше во емитувани програми од туѓо производство. Изјаснувања испратија сите програмски сервиси. ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА се изјасни во мејлот што го достави по примањето на извештајот и потенцираше дека неправилностите веднаш ќе бидат отстранети. МРТ во изјаснувањето посочи дека редакциите презеле мерки пропустите да не се повторат. Кај МРТ3 има пошироко објаснување, многу детално. Велат дека при продукција на спортски преноси во кој меѓународниот сигнал што го преземале телевизиите се емитува сателитски, не било дозволено аплицирање на одјавна шпица а додека за преносите за репризите на натпревари што се случуваат кај нас и МРТ3 ги продуцира, поради пандемијата не ги реализирале со целосна техничка екипа и затоа се случувало да се емитуваат без импресум. Кај многу натпревари емитувани на МРТ3 анализираниот ден недостигаат дури и податоци за коментаторите односно кои се коментаторите на натпреварите. Дополнително ќе треба во комуникација со нив да се побараат документите во однос на тврдењето за меѓународните натпревари од каде што сигналот оди сателитски. Верува дека можеби се работи за буквално читање на преземените договори затоа што Упатство на Агенцијата не вели дека мора визуелно да се појават на одјавна шпица податоците, значи можат да бидат и изговорени. Минимум податоци е логично да бидат изговорени меѓутоа сепак ова ќе треба дополнително да се провери со сервисот. Во анализираниот ден се емитувани и повеќе домашни натпревари во кои што не се објавени никакви податоци за импресум и за тоа е констатиран прекршокот. За сите

сервиси се предлага Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 45 дена од денот на приемот на решението за мерка и потоа да се изврши контролен надзор со цел да се утврди дали програмските сервис ќе постапат по опомените по истекот на рокот.

Г-дин Фиданоски рече без да навлегува во исправноста на предложената мерка ќе ја поддржи. Предложи доколку во дополнителната комуникација со МРТ3 а поврзано со меѓународните спортски преноси се увиди дека тоа е навистина така, да им се сугерира гласовно да ги изговорат потребните податоци.

Раководителката Јаневска објасни дека изјаснувањата стигнаа вчера и не биле свесни за податоците што ги посочуваат. Наредните денови ќе направат комуникација и ќе се провери документацијата за која тврдат дека ограничува да се почитува законската обврска од член 14 од Законот за медиуми. Посочи дека секако Упатството на Агенцијата дава основа да се најде решение на кој начин да се идентификуваат авторите што учествувале во продукција на конкретна програма. Ако навистина има ограничувања да стои формална одјавна шпица на спортските натпревари има начин да помине кајрон или пак може и гласовно коментаторите да се преставаат кои се и да кажат кој учествува во реализација на спортскиот натпревар. Овие сите спортски натпревари во анализираниот ден беа емитувани без никакви податоци дури и без информација кои се новинарите, коментаторите на натпреварите. Верува дека ќе се најде заеднички јазик и ќе се договорат да обезбедат барем базични податоци за корисниците на нивните услуги.

Г-дин Петрушевски рече дека е очигледно дека Секторот за програмски работи ќе им помогне на МРТ3 и очекува да нема последици од јавните опомени и нема да дојдат до прекршочна мерка.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-798/1 од 02.03.2021 година и едногласно заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Трет програмски сервис (МРТ3) да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 2 февруари 2021 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-798/1 од 02.03.2021 година и едногласно заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Четврти програмски сервис (МРТ4) да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 2 февруари 2021 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-736/1 од 26.02.2021 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 11 февруари 2021 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 15**

Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот- Шеф на Кабинет м-р Драгица Љубевска ја образложи Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2021 година. Објасни дека членарината изнесува 3600 евра. Во јануари 2021 година Европската платформа достави фактура со што оваа година треба да се плати малку порано и крајниот рок е до 19.03.2021 година а вообичаено беше во април. Согласно член 16 од Деловникот за работа, за финансиските трошоци поврзани со членарини во меѓународни организации одлучува директорот на Агенцијата без претходно одобрение од Советот. Но бидејќи се работи за поголема сума оваа информација се поднесува до Советот за нивно информирање.

Г-дин Петрушевски рече дека според образложението Советот не мора да гласа и побара доколку некој има против да се јави.

Г-дин Трајчевски објасни дека до сега во Агенцијата е воспоставена пракса во дневен ред како точка да биде ставена информација за плаќање годишна членарина за ЕПРА.

Советот ја прифати Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2021 година.

**Точка 16**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата за доставен Нацрт-ревизорски извештај за 2020 година. Објасни дека овој Нацрт-документ е за информирање на Советот. Кога ќе биде готов конечниот извештај тогаш ќе се изјасни Советот и ќе има свој став иако и во таа ситуација тоа е формално бидејќи Извештајот на ревизорот е конечен и дали Советот или директорот ќе се согласат тоа апсолутно ништо нема да смени во содржината.

Г-дин Петрушевски отвори дискусија, но немаше прашања и коментари.

**Точка 17**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-999/16
25.03.**2021 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**